

## Љупка Џундева

Љупка Арсова Џундева (11. VII 1934 – 7. XII 2018) е македонска драмска и филмска актерка. Завршила Државна театарска школа и станала член на Драмата на МНТ од 1951 година, каде што останала се до пензионирањето во 1990 година. Таа припаѓа на втората генерација актери на некогашната Висока театарска школа, а со тоа била дел од создавањето на поновата историја на театарската уметност во Македонија. Со својата става и пристап кон театарската сцена таа станала миленичка на широката театарска, филмска и телевизиска публика.

Љупка Арсоава Џундева е родена на 11 јули 1934 година во Скопје. Основно образование завршила во родниот град, а во 1948 година се запишала на Државната средна театарска школа во Скопје. По завршувањето на тетарската школа во 1951 година, веднаш била примена како артистка во Македонскиот народен театар. Таа останала верна на овој театар се до пензионирање во 1990 година.

Во текот на својата театарска кариера реализирала над 80 улоги меѓу кои: Даница во „Нажалена фамилија“ (1951), Анка во „Госпоѓа министерка“ (1953), Дивна во „Пепелашка“ (1953), Амелија во „Домот на Бернарда Алба“ (1956), Славка во „Д-р“ (1957), Стојанка во „Чорбаџи Теодос“ (1957), Маргот во „Дневникот на Ана Франк“ (1958), Силвија во „Игра на љубовта и случајот“ (1959), Коломба во „Волпоне“ (1961), Свршеничката во „Крвави свадби“ (1962), Коломба во „Коломба“ (1965), Ирина во „Матурска вечер“ (1966), Фосфорната жена во „Бања“, (1968), Розаура во „Венецијански близнаци“ (1968), Наталија Ивановна во „Три сестри“ (1970), Доилка во „Фарса за храбриот Науме“ (1971), Оливера Срезоска во „Ѕидот, водата“ (1973), Павлина во „Потоп“ (1974), Лиза Дроздова во „Бесови“ (1978), Ана Шукова во „Кенгурски скок“ (1979), Магда во „Габи“ (1982), Занаида во „Иванов“ (1984), Саветка во „Антица“ (1988), Аркадина во „Галеб“ (1990).

Љупка Арсоава Џундева играла во првиот македонски филм „ Фросина “ (1952), во првата македонска комедија „Мирно лето“ (1961), во филмот „ Македонска крвава свадба

“ (1967), Оловна бругада (1980), Џипси Меџик (1997), Време живот (1999), како и во многу други театарски претстави, тв драми, монодрами и радиодрами.

Иако заминала во пензија од 1990 година, Љупка Џундева уште долги години била активна на театарската сцена. Нејзината последна улога на сцената на МНТ била во 2015 година, како Марина во претставата „Вујко Вања“ од Чехов во режија на Зоја Бузалковска.

Во текот на својот живот Љупка Џиндева подеднакво има настапувано во дела од домашната -македонска продукција и југословенска драматургија, во светска драмска класика и во сценски реализации од најпознати современи автори. Таа била член на театарскиот совет и на Уметничкиот совет на Драмата на МНТ .

Позната како тивката дама на македонското актерство, таа има отстварено голем број гостувања во поранешна Југославија , Италија , Словачка , Русија , Бугарија и други земји.

Во текот на својот живот за својот допринос кон културата Љупка Џундева ги има добиено наградите: Награда за животно дело „11 Октомври“, награда за животно дело „Војдан Чернодрински“, награда „13 Ноември“ на град Скопје, орден на трудот со сребрен венец, орден на трудот со златен венец како и други помали награди и признанија.

Љупка Арсова Џундева почина на 7 декември 2018 во Скопје.